РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СИДРИШТЕТО „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“, ОХРИД

- мај 2025 година, Скопје-

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), министерот за одбрана донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СИДРИШТЕТО „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“, ОХРИД

## Член 1

Во членот 4 став (1) од Правилникот за условите и начинот на користење на сидриштето „Билјанини извори“, Охрид бр. 01-1471/1 од 08.03.2021 година, зборовите „15 март“ се заменуваат со зборовите „01 март“, по зборот „април“ се додаваат зборовите „за тековната година“.

Во членот 4 ставот (3) се менува и гласи:

„Барањата доставени после предвидениот рок за аплицирање ќе бидат прифатени и истите ќе се процесуираат исклучиво доколку капацитетите на сидриштето не се исполнети. Доколку капацитетите на сидриштето се исполнети за истото подносителите ќе бидат благовремено известени преку електронска адреса“.

## Член 2

Започнатите постапки ќе продолжат согласно овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-1585/1
22-05-2025 2025 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Владо Мисајловски

Изработил: Елдан Цигал
Контролирал: Милан Андоновски
Одобрил: Јован Трпевски
Согласен: Елизабета Чуповска Ристова